# Лекции по експериментална физика – први искуства, Берово, јули 2019

Стојан Манолев[1], Ванчо Белчовски[2]
*[1]СОУ„Гоце Делчев“, Валандово, С.Македонија*
*[2]СОУ „Јане Сандански “ Струмица,С.Македонија*

**Апстракт.** Во периодот од 8-12 јули 2019 година, во организација на Регионалното здружение на физичари Струмица, во хотел „Манастир“, Берово, Македонија се одржаа работилници по експериментална физика. Содржините кои беа обработени се: Рамномерното праволиниско движење преку експерименти, Експерименти од оптика, Звучни бранови преку андроид апликации, Електрична струја низ течности, Мерење на сили на триење, Комјутеризиран експеримент - Мерење на период на математичко нишало преку ултразвучен сензор, Мерење на Болцманова константа; Мерење на подемна сила на авион и Теслини струи. Секој учесник на ЛЕФ - Лекции по експериментална физика, ученици и ментори имаа можност да изведуваат експерименти, да ги анализираат графиците на зависност, да пресметуваат грешки при мерењата. Посебен дел беа и средбата со претставник од БРО –Бирото за развој на образованието, каде беа презентирани реформите во делот на промените на наставните содржини по физика во средното стручно образование. Во однос на самиот настан Лекции по експериментална физика, сакаме да ги пренесеме искуствата и споделиме бенефитите на присутните како и можноста да ги збогатиме содржините за идните случувања во ЛЕФ.

**Кључне речи:** Лекции, експерименти, мерења, апликации, грешки .